**Јустинијана (Јанка) Каневчева била големата и единствената љубов на Гоце Делче в**



Јустинијана (Јанка) Каневчева (11 јуни 1878 – 3 март 1920) е македонска револуционерка и учителка, деец на Македонската револуционерна организација. Додека била учителка во Скопје, заедно со велешанката Љуба Ќупева и стружанката Славка Чакарова формирале женски кружок таканаречен „Света тројка“, во кој извесно време дејствувала и Амалија Примџанова. Тие извршуваат повеќе задачи кои им се доверени од Организацијата.

Јустинијана или Јанка Каневчева е родена на 11 јуни 1878 година, во Охрид. Уште како дете, нејзините родители се преселиле во Софија, каде таа се школувала, завршила гимназија и студирала филозофија. Како гимназијалка, младата охриѓанка се запознала преку Климент Шапкарев со Гоце Делчев, кој додека престојувал во Софија, станал чест гостин во домот на родителите на Јанка.

Во 1900 година, Јустинијана (Јанка) Каневчева, била назначена за учителка во Скопје. Во тоа време, Славка Чакарова, идната сопруга на Никола Пушкаров кој раководи со Месниот револуционерен комитет во Скопје била назначена за секретарка со задача да ја раководи шифрираната коресподенција и да ги посетува затворите и конзулатите. Славка заедно со македонските учителки и револуционерки, охриѓанката Јанка Каневчева и велешанката Љуба Ќупева, идна сопруга на македонскиот револуционер Владимир Руменов од Крушево, формирале женски кружок таканаречен „Света тројка“. Извесно време со нив дејствувала и Амалија Примџанова, идна сопруга на македонскиот револуционер и војвода Климент Шапкарев.

Јанка активно била вклучена во македонското револуционерно движење и како членка на женското друштво „Светата тројка“ извршувале повеќе задачи што им ги доверувала

Внатрешната организација. Заедно со другите учителки и учители таа учествувала на вежбите за стрелање кои ги изведувале за време на излети во околината на градот, а истовремено под облеката пренесувале и оружје за четите. Додека преку ден ги учеле децата, во вечерните часови пренесувале пораки и ги криеле револуционерите по кои трагале турските власти.

Јанка Каневчева секој распуст го поминувала во Софија, кај своите родители. во 1900 година, таа учествувала со Делчев, Ѓорче Петров и Борис Сарафов во неупешниот заговор за киднапирање на Никола Гешов, син на Иван Евстратиев Гешов, еден од најбогатите граѓани на Бугарија во тоа време. Бидејќи семејството на Гешов заминало за Париз, оваа замисла не била спроведена.

Во Софија, Јанка заедно со Гоце правела и бомби.

Пријателството меѓу младата и убава охриѓанка и апостолот на македонската револуционерна борба набрзо прераснала во љубов. Иако Гоце не ги криел своите чувства, освен најблиските, за нивната романтична љубов другите многу малку или воопшто не биле запознаени. Тие што ја знаеле нивната тајна подоцна ќе раскажат дека „Јанка често му испраќала на Гоце тегли со компот во хотелот "Батемберг" во центарот на Софија каде што тој секогаш престојувал по напорните крстосувања низ Македонија“.

Додека Гоце Делчев крстарел низ Македонија и ги обиколувал четите, противниците на Македонската револуционерна органзација и на апостолот на македонската револуционерна борба, преку медиумите почнале да се шират лажни гласини дека бил убиен. Јанка која од време на време е информирана од куририте на Гоце дека е здрав и жив, каде е и кога ќе дојде, преку писмо датирано од 8 февруари 1902 година бара од софискиот весник „Дело“ да се демантираат гласините за наводното убиство на Делчев. Истовремено, со надеж дека тоа ќе се објави, таа во писмото бара да не се дознае од каде е и кој ја испраќа информацијата.

Гласините дека Гоце бил убиен повторно се шират кон крајот на 1902 година, меѓутоа овојпат Јанка не ја демантира информацијата зошто Гоце бил заедно со неа во Софија.

Загрижен за предвременото востание Гоце се припрема да замине на пат за Солун на

разговори со Даме Груев. По празниците, пред да замине, Гоце доаѓа кај Јанка на проштална вечера, на која таа му предава за престојното востание црвено востаничко знаме на кое сама извезла лав и фигура на девојка која ја претставува Македонија. Истовремено таа му подарува убав Божиќен подарок, елек кој ќе го чува од студот додека крстари низ Македонија.

По разделбата со Јанка, истата вечер Гоце се сретнал и со својот близок пријател и соборец Михаил Герџиков, на кого му рекол дека ќе се обиде да го спречи востанието зошто народот не бил спремен и вооружен, а во такви услови востанието би било вистинска кланица. Како да ја претчуствувал својата смрт, Гоце натажен и загрижен, со солзи во очите на крај го прегрнал својот пријател и му рекол:

**„Акосеслучинештосомене, акомеубијат, имадвенештазакоимилсам–татковинатаиЈанка. Чувај ги и двете. Ако некогаш, подоцна, се родат некакви чувства меѓу тебе и Јанка, бидете благословени“.**

Јустинијана (Јанка) Каневчева за смртта на Гоце на 4 мај 1903 гидина кај Баница,

разбира неколку дена подоцна. Единствената љубов на Гоце, Јанка, облекува црнина која ја носи наредните години.

Војводата на Македонската револуционерна организација Михаил Герџиков го исполнил аманетот на Гоце. Тој ја зел Јанка да работи за него, а откако се родиле чувства меѓу нив, Герџиков и понудил брак на Јанка. Година дена потоа, на Михаил и Јанка им се родила ќерката Магда.

Јустинијана (Јанка) Каневчева починала релативно млада, на 3 март 1920 година, од туберкулоза.